Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" број 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 јануари 2021 година, донесе

# О Д Л У К А

## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/607 на Советот од 4 мај 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/607 на Советот од 4 мај 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:

- финансиски мерки,
- забрана за влез во Република Северна Македонија .

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2020/607 на Советот од 4 мај 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки против Никарагва се воведуваат на неопределено време.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 40-1464/1
26 јануари 2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев

# DECISIONS

## COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/607

**of 4 May 2020**

**amending Decision (CFSP) 2019/1720 concerning restrictive measures in view of the situation in Nicaragua**

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 14 October 2019 the Council adopted Decision (CFSP) 2019/1720 [1] concerning restrictive measures in view of the situation in Nicaragua.

(2) On 14 October 2019 the Council also adopted conclusions in which it recalled its concern at the deteriorating political and social situation in Nicaragua and firm condemnation of the repression by security forces and pro-government armed groups of political opponents, demonstrators, independent media and civil society organisations that had been ongoing since April 2018. The Union also affirmed its determination to use all its instruments to support a peaceful and negotiated solution to the crisis and its intention to monitor the situation in the country closely in order to react to further deterioration of human rights and the rule of law.

(3) The Council, underscoring its concerns with regard to the overall situation in respect of human rights and democratic governance, adopted restrictive measures and noted that those measures would be used in a gradual and flexible manner and that specific designations could be added in the event of a continued stalemate and further deterioration in respect of human rights and the rule of law.

(4) In view of the continuing grave situation in Nicaragua, six persons should be included in the list of natural and legal persons, entities and bodies subject to restrictive measures set out in the Annex to Decision (CFSP) 2019/1720.

(5) The Annex to Decision (CFSP) 2019/1720 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The Annex to Decision (CFSP) 2019/1720 is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 4 May 2020.

*For the Council*

*The President*

G. GRLIĆ RADMAN

---

[1] Council Decision (CFSP) 2019/1720 of 14 October 2019 concerning restrictive measures in view of the situation in Nicaragua (OJ L 262, 15.10.2019, p. 58).

ANNEX

The following entries are inserted under the heading 'List of natural and legal persons, entities and bodies referred to in Articles 1 and 2' in the Annex to Decision (CFSP) 2019/1720:

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '1. | Ramón Antonio AVELLÁN MEDAL | Date of birth: 11 November 1954<br>Place of birth: Jinotepe, Nicaragua<br>Passport number: A0008696<br>Issued: 17 October 2011<br>Expires: 17 October 2021<br>Gender: male | Deputy Director-General of the Nicaraguan National Police (NNP) and former chief of the police in Masaya. Responsible for serious human rights violations and for the repression of civil society and democratic opposition in Nicaragua, including by coordinating the repression of protesters in Masaya in 2018. | 4.5.2020 |
| 2. | Sonia CASTRO GONZÁLEZ | Date of birth: 29 September 1967<br>Place of birth: Carazo, Nicaragua<br>Passport number: A00001526<br>Issued: 19 November 2019<br>Expires: 19 November 2028<br>ID number: 0422909670000N<br>Gender: female | Special advisor to the President of Nicaragua on health issues and former Minister of Health. Responsible for serious human rights violations and for the repression of civil society and democratic opposition in Nicaragua, including by hindering access to emergency medical assistance for injured civilians involved in demonstrations and ordering hospital staff to report demonstrators who have been brought to hospital by the police. | 4.5.2020 |
| 3. | Francisco Javier DÍAZ MADRIZ | Date of birth: 3 August 1961<br>Gender: male | General Director of the Nicaraguan National Police (NNP) since 23 August 2018 and former Deputy General Director of NNP. Responsible for serious human rights violations and for the repression of civil society and democratic opposition in Nicaragua, including by leading police forces committing violence against civilians, including excessive use of force, arbitrary arrests and detentions and torture. | 4.5.2020 |
| 4. | Néstor MONCADA LAU | Date of birth: 2 March 1954<br>Gender: male | Personal advisor to the President of Nicaragua on national security matters. In this capacity, he has been directly involved in and responsible for decision-making on national security matters and the establishment of repressive policies carried out by the State of Nicaragua against people taking part in demonstrations, opposition representatives and journalists in Nicaragua from April 2018 onwards. | 4.5.2020 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Luís PÉREZ OLIVAS | Date of birth: 8 January 1956<br>Gender: male | General Commissioner and Legal Assistance Main Officer (DAEJ) in the 'El Chipote' penitentiary centre. Responsible for serious human rights violations, including torture, use of extensive force, mistreatment of detainees and other forms of degrading treatment. | 4.5.2020 |
| 6. | Justo PASTOR URBINA | Date of birth: 29 January 1956<br>Gender: male | Head of Police Special Operations Unit (DOEP). He has been directly involved in the implementation of repressive policies against demonstrators and the opposition in Nicaragua, particularly in Managua. In this context, he is responsible for serious human rights violations and for the repression of civil society and democratic opposition in Nicaragua. | 4.5.2020' |

**ОДЛУКА (ЗНБП) 2020/607 НА СОВЕТОТ**

**од 4 мај 2020 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 14 октомври 2019 година Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 ([1]) за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва.

(2) На 14 октомври 2019 година Советот, исто така, донесе заклучоци во кои потсетува на загриженоста за влошената политичка и социјална состојба во Никарагва и на силната осуда на репресијата на политичките противници, демонстрантите, независните медиуми и граѓанските организации која од април 2018 година ја спроведуваат безбедносните сили и провладините вооружени групи. Унијата, исто така, ја потврди решеноста да ги искористи сите свои инструменти за поддршка на мирно решение на кризата со водење преговори и ја потврди својата намера внимателно да ја следи состојбата во земјата со цел да одговори на натамошно влошување на почитувањето на човековите права и владеењето на правото.

(3) Советот, истакнувајќи ја својата загриженост во поглед на целокупната ситуација во однос на состојбата со човековите права и демократското управување, донесе рестриктивни мерки и истакна дека тие мерки ќе се применуваат постепено и флексибилно и дека во случај на континуирана стагнација и натамошно влошување на состојбата со почитувањето на човековите права и владеењето на правото, може да се додадат одредени наведувања во списокот.

(4) Со оглед на континуираната сериозна состојба во Никарагва, шест лица треба да се додадат на списокот на физички и правни лица, субјекти и тела кои подлежат на рестриктивните мерки утврдени во анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/1720.

(5) Затоа, анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 се менува како што е утврдено во анекост кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Брисел, 4 мај 2020 година.

---

[1]Одлука (ЗНБП) 2019/1720 на Советот од 14 октомври 2019 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва (Сл. весник L 262, 15.10.2019 година, стр. 58).

*За Советот*

*Претседател*

Г. ГРЛИЌ РАДМАН

# АНЕКС

Следните внесови се вметнуваат во списокот со наслов „Список на физички и правни лица, субјекти и тела наведени во членовите 1 и 2“ во анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/1720:

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на наведување на список |
|---|---|---|---|---|
| ‘1. | Рамон Антонио АВЕЉАН МЕДАЛ (Ramón Antonio AVELLÁN MEDAL) | Датум на раѓање: 11 ноември 1954 година<br>Место на раѓање: Хинотепе, Никарагва<br>Број на пасош: A0008696<br>Издаден: 17 октомври 2011 година<br>Важност до: 17 октомври 2021 година<br>Пол: машки | Заменик генерален директор на Националната полиција на Никарагва (ННП (NNP)) и поранешен началник на полицијата во Масаја. Одговорен за сериозни прекршувања на човековите права и за репресија на граѓанското општество и демократската опозиција во Никарагва, вклучително и со координирање на репресијата на демонстрантите во Масаја во 2018 година. | 4.5.2020 |
| 2. | СОНИА КАСТРО ГОНСАЛЕС (Sonia CASTRO GONZÁLEZ) | Датум на раѓање: 29.09.1967 година<br>Место на раѓање: Карасо, Никарагва<br>Број на пасош: A00001526<br>Издаден: 19 ноември 2019 година<br>Важност до: 19 ноември 2028 година | Специјален советник на претседателот на Никарагва за здравствени прашања и поранешен министер за здравство. Одговорна за сериозни прекршувања на човековите права и за репресија на граѓанското општество и демократската опозиција во Никарагва, вклучително и со спречување на пристап до итна медицинска помош за повредени цивили вклучени во демонстрации и наложување на болничкиот персонал да пријават демонстранти кои полицијата ги донела во болница. | 4.5.2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Број на лична карта: 0422909670000N<br>Пол: женски | | |
| 3. | Франсиско Хавиер ДИАС МАДРИС (Francisco Javier DÍAZ MADRIZ) | Датум на раѓање: 3 август 1961 година<br>Пол: машки | Генерален директор на Националната полиција на Никарагва (ННП) од 23 август 2018 година и поранешен заменик генерален директор на ННП. Одговорен за сериозни прекршувања на човековите права и за репресија на граѓанското општество и демократската опозиција во Никарагва, вклучително и со предводење на полициските сили кои извршувале насилство врз цивили, вклучително и прекумерна употреба на сила, произволни апсења и притвори и тортура. | 4.5.2020 |
| 4. | Нестор МОНКАДА ЛАУ (Néstor MONCADA LAU) | Датум на раѓање: 2 март 1954 година<br>Пол: машки | Личен советник на претседателот на Никарагва за прашања од национална безбедност. Во тоа својство, тој бил директно вклучен и одговорен за донесување одлуки за прашања од национална безбедност и за воспоставување на репресивни политики спроведени од државата Никарагва против луѓе кои учествуваат во демонстрации, претставници на опозицијата и новинари во Никарагва од април 2018 година. | 4.5.2020 |
| 5. | Луис ПЕРЕС ОЛИВАС (Luís PÉREZ OLIVAS) | Датум на раѓање: 8 јануари 1956 година<br>Пол: машки | Главен комесар и главен службеник за правна помош (ДАЕЈ (DAEJ)) во казнено-поправниот дом „Ел Чипоте (El Chipote)“. Одговорен за сериозни прекршувања на човековите права, вклучително и тортура, употреба на прекумерна сила, малтретирање на притворените лица и други форми на понижувачко постапување. | 4.5.2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Хусто ПАСТОР УРБИНА (Justo PASTOR URBINA) | Датум на раѓање: 29 јануари 1956 година<br>Пол: машки | Раководител на Единицата за специјални операции на полицијата (ДОЕП (DOEP)). Тој бил директно вклучен во спроведувањето на репресивни политики против демонстрантите и опозицијата во Никарагва, особено во Манагуа. Во тоа својство, тој е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права и за репресија на граѓанското општество и демократската опозиција во Никарагва. | 4.5.2020’ |